Маргриет Рурс е автор на повеќе од 25 книги за деца од Канада. Со постдипломски студии таа спроведува авторски презентации и организира работилници за студенти и учители низ целиот свет. Нејзината книга „Мојот библиотекар е камила“ беше наградена со „Значајна книга за глобалната свест“ од страна на Меѓународната асоцијација за читање. Маргриет Рурс ја координира глобалната размена на знаци за студенти. За повеќе информации види www.margrietruurs.com

**„Ковчег со богатство“**
**од д-р Франц Џозеф Хуаиниг**

Отвори ја корицата на книгата во твоите раце, мост кон непознатото и прекрасните предели. Патувај низ земјите на мудроста и забавата, ноќи полни со темнина, денови полни со сонце. Заврти ја секоја страна полна со чуда, следи го нејзиниот пат дотаму каде планинските врвови зборуваат со небото, шепотејќи го прашалното: Зошто? Ковчег со богатства од места за коишто не можеш да поверуваш, среќаваш нови и познати лица. Посегни по книга на полицата, откриј го светот, откриј се себеси.

Драг г. Гутенберг, иако поминаа 570 години, би сакала да Ви се заблагодарам што ја измисливте машината за печатење. Се прашувам дали знаевте каков придонес ќе има вашиот изум? Ова утро читав леток за продажба во мојата продавница за намирници, ја проверив временската прогноза во весникот и прочитав што се случува во мојот град. Видов постер за куче коешто се изгубило. Прочитав нешто на задната страна на пакувањето од млеко и смешен виц во збирката за читатели. Имавте ли каква било идеја кога дојдовте до идејата да печатите зборови и да направите копии од текст, како ова ќе го измени светот?

Без вашиот изум можеби немаше да имам календар на ѕидот, списание со слики од далечни места или книга за да читам. Посебно би сакала да Ви се заблагодарам за книгите. Кога бев мала, мојата мајка ми читаше бајка пред спиење. Приказни за сиромавиот селанец којшто добил гуска која носела златни јајца, приказни за магични магариња или лоши вештерки. Овие приказни не беа само забава. Тие беа пренесувани преку генерации и ме научија на она што е правилно од погрешно, на добро од лошо.

Некогаш на утро се протнував во креветот на мајка ми и татко ми. Тогаш татко ми ми кажуваше приказни. Прекрасни приказни за две палави момчиња коишто правеле разни работи, што не им се дозволени на децата. Јас ги сакав тие приказни. Ноќе во мојот кревет си замислував дека сум едно од тие момчиња, и покрај тоа што сум девојче. Измислував авантури, страшни и диви. Кога научив како функционираат зборовите и речениците, како да ги читам црните чкртаници на страна, се отвори еден цел нов свет. Се преправав дека сум осамен сирак чиј дедо починал. Живеев на врв на планина во Швајцарија, земја која никогаш не сум ја видела. Бев доволно силна да дигнам коњ на предната тераса од мојата мала куќа, во којашто живеев сосема сама. Патував во Нарнија, Терабитија и во многу други светови.

Сега, кога сум постара, сѐ уште цело време читам книги. Читањето ми овозможува да создавам слики во мојата глава на начин на којшто не можат ни телевизијата ни видеото. Технологијата на екраните е нешто што го промени светот, исто така. Но ти се случува однадвор. Читањето се случува однатре. За мене, како читач, испечатениот збор е многу помоќен алат отколку што некогаш може да биде технологијата на екранот. Мојот мозок се развива кога читам и создава бескрајни можности. Покрај читањето книги, почнав да пишувам песни за цвеќињата, тигрите и облаците. Напишав мои сопствени приказни. Благодарение на твојот изум, моите приказни беа испечатени, објавени и споделени со читателите низ целиот свет. Дали некогаш си сонувал дека ова може да се случи?

Мора да си сонувал за големи нешта кога си ја измислил машината за печатење. Дали ти требаше долго време да ја усовршиш? Немаше книги за тоа како да ја направиш во тоа време, па не си можел само да погледнеш како да направиш машина за печатење. Знам дека си сакал да најдеш начин за печатење за да можеш да помогнеш во ширењето на зборовите од Библијата. Драго ми е што те инспирирала книга.

И уште нешто. Дали знаеше дека поради твојот изум, печатење книги, почнале да постојат библиотеки? Претпоставувам дека во тоа време, тогаш не сте имале библиотеки. Или можеби сте имале, но секоја книга морала да биде напишана рачно. Јас ја сакам мојата локална библиотека. Можам да одам таму во кое било време, да одбирам книги и да ги земам со себе дома. И бесплатни се.

Книгите се како лижавчиња, уживам во нив. Кога ќе одберам нова книга, ги мирисам страниците, ја читам предната и последната корица. Се задржувам на почетокот на приказната и потоа, ако е многу добра приказна, не сакам да дојдам до крајот. Но кога ќе дојдам до крајот, ликовите кои ги запознавам остануваат со мене уште некое време. Секоја книга којашто ја читам ме менува.

Па Ви благодарам г. Гутенберг што ја измисливте машината за печатење. Не знам што би правела без вас. Се надевам дека рајот Ви е исполнет со добри книги.

Искрено,
Давит - читачот.

Приказна од Канадската глобална кампања за образование